Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
1828

Архивски бр.
датум 19-12-2024

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО

Министерот за правда со решение бр. 08-2510/1 од 30.09.2024 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2024 година.
Комисијата за надзор на ден **27.11.2024** година во **11:20** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1158/3 го започна надзорот во **Основен суд Делчево** за контролниот период од 2020 до 2024 година. Надзор во судот се спроведува првпат откако е формирана Комисија за надзор.

Комисијата изврши надзор во судот во присуство на в.д.претседателот на судот Миле Ѓоргиев и информатичарот во судот Зоран Николовски.

Основниот суд Делчево е суд со основна надлежност. Од 2014 година постојано во судот е само еден судија, кој истовремено мора да извршува и функција претседател на суд, која ја извршувал во два мандати, а во моментов е назначен за в.д. претседател на судот. Судскиот совет во судот од време на време делегира судии од основните судови на истото апелационо подрачје. Бројот на помошно-технички персонал и судска полиција е поголем од бројот на судии и стручни судски службеници на неопределно време, што доведува до преоптовареност на судијата во судот. Вработените не извршуваат работни задачи кои не се во опис на нивното работно место, а претседателот на судот не може сам да ги извршува сите административно технички работи во судот и да суди истовремено. Од вработените, двајца доставувачи се со основно одделение, тројца со текстилно вкупно 4 на неопределено и 1 на определено време.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Има 1 судски службеник на граѓанска материја и еден на кривична, двајцата стручни судски службеници се на определено време и им истекува договорот.
Во судот има 7 вработени судски полицајци, а судот нема потреба од таква бројка.
Бројот на новопримени предмети во 2023 година е 5720, од кои 3215 кривични предмети, а граѓански 1807 предмети.

За состојбата во судот Врховниот суд Су-03 бр.205/22 од 29.03.2022 година дал препораки и предлог мерки за подобрување на состојбата во судот, во насока на пополнување на бројот на работни места на судии и судски стручни службеници и техничко доопремување и реновирање на судот.

Претседателот на судот во годишниот извештај за 2023 година до Судски совет СУ бр. 0302-40/24 од 18.01.2024 година доставил предлог за просторно и техничко доуредување на судот, но Комисијата за надзор утврди дека не биле одобрени средства ниту се подобрени условите за работа на судот.
Судот поседува возило, постар Opel, има возач, хаусмајстор и доставувач.

| ПРЕПОРАКИ: |
|---|

Судски буџетски совет и Министерството за финансии веднаш да одобрат финансиски средства за подобрување на состојбата со стручни судски соработници, од определено на неопределено време.
Да се прераспоредат судските полицајци во суд каде не може да се оствари дежурство или преку соодветна обука да се оспособат за да извршуваат работни задачи во судот бидејќи немаат обем на работа.
Вработените во судот со соодветни обуки да се прилагодат кон извршување на потребни работи во судот за да овозможат функционалност на работата на судот и да ги почитуваат наредбите на претседателот на судот и да пристапат кон извршување на зададени работни задачи во судот. Во спротивно, заради малиот обем на работа ќе треба да бидат преку мобилност распоредени во судови каде има потреба за судска полиција, односно друг вид на помошно-технички работи, а во судот да се овозможат број на судии и број на стручни судски службеници.

Единствениот судија во судот за 3 години треба да замине во пензија, доколку останат истите услови за пензионирање. Нема друг судија од Делчево, од која причина треба да се алармира до Судскиот совет за да се обезбедат барем двајца судии за овој суд, имајќи предвид дека е суд на граничен премин. Во спротивно, судот во Кочани како основен суд со проширена надлежност преку законски


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

измени да добие надлежност за судско одделение во Берово, Виница и Делчево, со отворени два дена за судење.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа на судот

Во судот има донесено програма за работа за сите години. Годишен план за работа на Основен суд Делчево Су.бр.0302-16/24 од 09.01.2024г.

### 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

В.д. претседателот на судот постапува како судија во кривична материја, прекршоци и граѓански предмети од претходно што останале, а од 24.10.2024 распореден е судија делегирана од ОС Струмица, која ќе постапува по граѓански предмети, ППНИ, КС, и други согласно измената на годишниот распоред за работа на судот. По систематизација се определени 4 судиски места и претседател на суд.

### 3. Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)

Во судот редовно е донесен годишен распоред на судии и судска служба. Измените се вршат заради делегирани судии кога доаѓаат и заминуваат согласно одлука на Судскиот совет.
0302 Су бр. 0102-77/18 од 21.12.2018, 0302 Су бр.02/20 од 03.01.2020, 0302 Су бр.371/20 од 19.02.2020 година, 0302 Су бр.06/2021 од 11.01.2021, 0302 Су 105/21 од 01.03.2021, 0302 Су 21/23 од 25.01.2023, 0302 Су 399/24-1 од 21.09.2023, 0302 Су 16/24 од 09. 01.2024 , 0302 Су 64/1- од 1.02.2024 година, 0302 Су 391/24 од 30.10.2024

### 4. План за годишен одмор на судиите (115 СД)

Нема план за годишен одмор, туку со решение за годишен одмор.
В.д.претседателот на судот е во незавидна положба во однос на користење на годишен одмор. Причината за ваквата состојба е што тој е единствен судија во судот. Со години користи само неколку дена (до пет работни дена) и не е во можност

да ги користи останатите денови од годишниот одмор кои согласно закон му следуваат, а се со цел за да овозможи секојдневно функционално работење на судот.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Нема формирано служба за информатика како посебна организациона единица. Во судот е вработен само еден информатичар – Советник на ИТ одделение.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Нема формиран оддел за судска практика во судот, стручни соработници се задолжени за тоа, но истите се на определено време.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Има канцеларија и определено лице со Одлука - решение за Стојанче Трајановски

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Нема судски администратор заради тоа што е суд со основна надлежност, а во годишен распоред се врши распределбата на службеници

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2020, 2021, 2022 , 2023 и 2024 год.**

Има редовна контрола, Сл. 1/20 од 30.03.2020 , Сл.1/23 од 12.04.2023 година
Сл.1/24 од 07.03.2024 година

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници** - Нема, еден судија е
11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници** - нема
12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници** - нема
13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Да, направен увид во Су.бр.0302-7/22 од 12.01.2022г.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Да, доставуваат редовно извештаи до Судскиот совет.

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Делчево за 2020, 2021, 2022 , 2023 и 2024 година**

Редовно се врши надзор од страна на Апелационен суд Штип, а во посета на судот заради неажурност и барање од странки биле Судскиот совет и Врховниот суд, кои ја утврдиле фактичката состојба со судот каде постојано има само еден судија, а втор судија од време на време се делегира од Основен суд Кочани или Основен суд Струмица.

16. **Надзор над работата на нотарите**

Средби со нотарите околу оставинските предмети, поради достава во странство, состанок бил одржан со цел да им се назначува по службена должност.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

17. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Тековната година 2024, после подолг период информатичарот присуствувал на организирани обуки од страна на Академијата за судии и јавни обвинители.
Обуките на вработените во судот ги извршува информатичарот и тоа по потреба кога има нови вработени или новитети во системот.
Била извршена и еднодневна обука за тонско снимање од фирмата изведувач, а понатаму по потреба информатичарот ги обучува дактилографите.
Претседателот на судот овозможува службеното возило на судот да го користат службениците за да посетат обуки.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

## 18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

ИТ опремата во судот е поприлично стара, меѓутоа работните станици надградени се со нови хардверски компоненти за да се подобри нивната функционалност.
Има работни станици за сите вработени, за секој судија и за секој дактилограф. Нов сервер за АКМИС, печатари во доволен број и скенер во писарница.

## 19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Во склоп на годишниот распоред се дефинирани корисничките групи.
Извршен беше увид по случаен избор во списоците за контролниот период и констатирано беше дека во судот постојат во хартиена форма, но не се внесуваат сите списоци во АКМИС систем.

## 20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

После извршениот увид, констатирано беше дека постојат внатрешни процедури за привилегии за работа со АКМИС системот.

## 21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)

Дежурствата не се внесени во календарот на дежурства во АКМИС системот. Дежурствата се креирани само за еден дежурен судија во хартиена форма– претседателот на судот кој во последните 5 години е единствен судија во овој суд.
Одлука за дежурство 0302 Су бр.331/21 од 09.07.2021

## 22. Скенирање на влезни документи

Се врши скенирање на сите документи во приемна писарница.
Еден скенер за граѓански и кривичен оддел.

## 23. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

**24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Автоматска распределба се врши во писарниците од страна на уписничарите, за секој оддел засебно. Прераспределбата ја вршат уписничарите во судот со помош на информатичарот.
Администратор на АКМИС ситемот е Советник информатичар.
Автоматската распределба се врши во 14 часот, но и по прием на предметот, за да нема застој кај предметите, со оглед дека во судот е вработен само еден судија.

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година** (175 став 5 СД)

Има одлуки за исклучување од распределба на предмети.
Во периодот од 2020 има двајца судии, во периодот од август 2021 до септември 2023 е само претседателот е еден судија во судот. После овој период има одлуки за исклучување и за прераспределба, бидејќи има делегирано втор судија па истиот се исклучува од распределба, а со одлука се прераспределува на другиот судија.
Истите не се внесени во АКМИС системот, но постојат во хартиена форма.

СУ. 409/23 – 26.09.2023 – не е внесена и сите останати одлуки не се внесени електронски во системот

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за иземање за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година**

По извршениот надзор утврдено е дека во контролниот период од 2020 до 2024 година, постојат одлуки за иземање. Одлуките за иземање донесени од страна на претседателот на судот се внесуваат во АКМИС, додека решенијата за иземање од Апелациониот суд не се внесуваат како екстерни документи. За нив во АКМИС се прибележува дека е направено иземање од Апелационен суд.
Барањата за иземања се евидентирани во АКМИС системот.
Направен е увид по случаен избор во АКМИС:
СУИЗЗ-1/21 – одлука донесена од претседател на судот
СУИЗЗ-7/20– одлука донесена од претседател на судот

27. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година** - Нема рачна распределба.

28. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Предметите кои на денот на надзорот беа избрани по случаен избор беа уредно внесени во АКМИС системот.

- К бр. 6/24- Поднесен на ден 02.02.2024, Примен и заведен на ден 07.02.2024, примен од страна на судија на ден 09.02.2024, автоматски распределен после 14 ч.
- К бр. 13/23 Примен и поднесен на ден 02.02.2023, заведен на ден 03.02.2023, примен од страна на судија на ден 7.02.2023, на автоматска распределба – во 10:00 ч бидејќи во таа година е само еден судија
- П2.15/22- Поднесен примен и заведен на ден 19.04.2022, примен од страна на судија на ден 20.02.2022, на автоматска распределба – 14ч
- МАЛВП-17/21 - Поднесен примен и заведен на ден 07.09.2021, примен од страна на судија на ден 07.09.2021, на автоматска распределба во 08:22 часот
- ПРК-С-13/20 - Поднесен на ден 21.01.2019, примен на ден 22.01.2019, заведен на ден 23.01.2020 примен од страна на судија на ден 23.01.2020, на автоматска распределба (09:02 часот)

29. **Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Во 12:12 часот на денот на надзорот нема внесени предмети за автоматска распределба на судии.

30. **Уписници што се водат во хартиена форма - нема.**

31. **Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Опремата за тонското снимање се користела меѓутоа многу ретко и во периодот од 2019 до средина на 2021 година, а после тоа и со надградбата на системот системот за тонско снимање не се користел.
Надградена е опремата за тонско снимање. После надградбата сеуште се користи системот за аудио снимање.Информатичарот врши обука.
Една судница е опремена со опрема за тонско снимање.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

32. Електронска достава

Електронска достава се врши редовно каде се исполнети условите за истата. Најчесто електронска достава се врши до адвокатите кои имаат регистрирано електронско сандаче на порталот за едостава.
За периодот 2020 - 2024 година има извршено 2267 електронски достави.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година (член 16 СД)**

Увид во 0302 Су 21/23-1 од 29.03.2023 и 0302 Су бр.01/22-2 од 07.02.2022

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година по предлог на работното тело**

Увид во 0302 СУ бр. 21/23-2 од 29.03.2023

**35. Внатрешни процедури**

Увид во 0302 СУ бр. 21/23-2 од 29.03.2023

**36. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Редовно се поднесуваат пример: 0305 Субр. 474/20 од 15.10.2020

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**37. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Судот објавува кратки информации


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

38. Огласна табла на судот

Има огласна табла на влез во судот.
Видео дисплеите за истакнување распореди за судењата не се во функција.

39. Простории за судии поротници и за адвокати има.

40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2020,2021,2022, 2023 и 2024 година.

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

41. Архива

**Нема вработен архивар. Работите поврзани со Архивата ги извршуваат соодветните уписничари по потреба за предметите кои ги водат.**

Увидот заврши на ден 27.11.2024 во 13:15 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk